УПАТСТВО ЗА ПИШУВАЊЕ ПРЕДЛОГ НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ/ТРУД ПО БИОМЕХАНИКА



Реализирањето на предиспитната задача на студентите од втор циклус студии понекогаш може да биде проследено со нејаснотии, прашања и дилеми. За полесно надминување на овој предизвик, следете ги точките од ова упатсво кои треба да бидат главни одредници во пишувањето на поглавјата на предлог проектот/трудот.

СТРУКТУРА НА ПРЕДЛОГ НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ/ТРУД

1. ВОВЕД

- ✓ Краток осврт на важноста на темата.
- ✓ Кој е мотивот за избор на темата?
- ✓ Краток осврт на актуелни истражувања тесно поврзани со темата.

2. ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА

- ✓ Анализа на релавантни истражувања за избраната проблематика (методолошки пристап, главни резултати и заклучоци).

3. ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- ✓ Што ќе биде истражувано?
- ✓ Што се очекува да биде утврдено?
- ✓ Кои активности ќе бидат преземени за остварување на целта на истражувањето?

4. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- ✓ Кратка, прецизна и разбирливо формулирана претпоставка (или претпоставки) за очекуваните односи, разлики или ефекти меѓу варијаблите.

5. МЕТОД НА РАБОТА

Примерок на испитаници

- ✓ Се опишува примерокот на испитаници (пол, возраст, вид на спортист, спортски стаж и др.).

Примерок на варијабли

- ✓ Се опишува примерокот на варијабли (моторички тест, физичка величина, мерна единица и др.).

Методи за обработка на податоците

- ✓ Се наведуваат методите со кои ќе бидат обработени податоците (биомеханичка, статистичка и др.).

БИОМЕХАНИКА

6. ТЕОРЕТСКО И ПРАКТИЧНО ЗНАЧЕЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- ✓ Објаснете како истражувањето ќе придонесе кон науката.
- ✓ Објаснете како добиените резултати ќе можат да се применат во пракса.

7. ЛИТЕРАТУРА

- ✓ Цитирањето е по АПА стандардот и тоа само најрелевантните извори кои се непосредно поврзани со предметот и целта на истражувањето и само доколку наведени во некоја од главите на трудот.

  На пример:

  Opar, D.A., Williams, M.D., Timmins, R.G., Hickey, J., Duhig, S.J. and Shield, A.J. (2015). Eccentric hamstring strength and hamstring injury risk in Australian footballers. *Medicine and Science in Sports and Exercise 47*(4), 857-865. https://doi.org/10.1249/MSS.0000000000000465.

  Повеќе информации за цитирањето по АПА стандард на следниов линк: https://apastyle.apa.org/

БИОМЕХАНИКА